## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**Sant•E•Gal®**
**таблети за џвакање**
**Производ со шеќер и засладувач**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Sant•E•Gal®** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Sant•E•Gal®** ?
3.Како да го земате/ употребувате **Sant•E•Gal®** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Sant•E•Gal®**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

### 1. Што претставува Sant•E•Gal® и за што се употребува?

Дополнителен извор на витамин Е. Витаминот Е допринесува за заштита на клетките од оксидативен стрес. Витаминот Е, како најважен антиоксиданс растворлив во масти, ги штити клетките од распаѓање за време на процесот на стареење и е една од најважните компоненти на заштитниот антиоксидантен систем на телото. Исто така, се препорачува дополнително внесување на витамин Е како додаток во третманот на кардиоваскуларни заболувања, дијабетес, заболувања на црниот дроб и тироидната жлезда, малигни заболувања. Редовното внесување на витамин Е може да придонесе за зголемена виталност, подобрување на општата здравствена состојба и подобрување на заштитата на човечкиот организам од предвремено стареење.

### 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Sant•E•Gal®

**Немојте да го земате/употребувате Sant•E•Gal®** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Sant•E•Gal®**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

**Влијание врз психофизички способности**

Примената на Sant•E•Gal® не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на Sant•E•Gal®**

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине!

Производот не е наменет за деца под 12 годишна возраст.

Кај лица кои крварат (хемофилија, перфорација на чир) или планираат операција не се препорачува земање на таблети Sant•E•Gal®.

Лицата склони кон тромбоемболизам и на терапија со лекови кои спречуваат агрегација на тромбоцити (аспирин, дипиридамол, итн.), Витамин К, амиодарон, циклоспорин, таблети за цвакање Sant•E•Gal® можат да користат само по консултација со својот лекар.

Прекумерната употреба може да предизвика лаксативно дејство.

Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која состојка на производот.

Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

**Земање/употреба на други медицински производи**

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Sant•E•Gal®**

Возрасни и деца над 12 години: 1 таблета дневно, да се соцвака или да се проголта без или со малку вода.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Sant•E•Gal®**

Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Sant•E•Gal®**

Да се чува на температура до 25°C во оригинално пакување, заштитено од светлина и влага. Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

**Состав на граничен производ**

| Состав на активни компоненти | 1 таблета | % НРВ* | 100 g |
|---|---|---|---|
| | | | |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE MJETEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Витамин Е (DL-α-токоферилацетат) | 100,0 mg TE | 833 | 10,42 g TE |

*НРВ – нутритивна референтна вредност

**Состојки:** DL-α-токоферил ацетат, сахароза, сорбитол (засладувач), микрокристална целулоза (средство за зголемување на волумен), талк (средство против згрутчување), етилцелулоза (средство за зголемување на волумен), арома на карамела, шелак (средство за глазирање), титаниум диоксид (боја), гума од акација и магнезиум стеарат (стабилизатори), макрогол (хумектант), поливинилпиролидон (стабилизатор), оксиди и хидроксиди на железо (боја), рицинусово масло.

| **Нутритивни информации:** | **1 таблета (0,96 g)** | **100 g** |
|---|---|---|
| Енергетска вредност (kJ / kcal) | 5,97 / 1,42 | 621,9 / 147,5 |
| Масти – вкупно (g) | 0,00 | 0,0 |
| Од тоа заситени масни киселини (g) | 0,00 | 0,0 |
| Јаглехидрати – вкупно (g) | 0,43 | 45,3 |
| од тоа шеќери (g) | 0,23 | 24,3 |
| од тоа полиоли (g) | 0,20 | 21,0 |
| од тоа скроб (g) | 0,00 | 0,0 |
| Протеини (g) | 0,00 | 0,0 |
| Сол (g) | 0.00 | 0,0 |

Изглед на граничен производ и пакување

30 таблети за цвакање

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:** Галеника а.д., Батајнички друм б.б., 11080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ